# СТЕНОГРФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 8 март 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток 13,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и г-да пратеници,

Пред да ја отворам Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, која е прва работна седница после смртта на трагично загинатиот претседател на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски ве повикувам со едноминутно молчење да му одадеме последна почит на господинот Борис Трајковски.

(сите присутни во салата станаа и му одадоа почит со едноминутно молчење).

Слава му,

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Благоја Гешовски, Ангелка Пеева -Лауренчич, Андреј Жерновски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски , Петар Наумовски, Жарко Караџовски, Чедомир Кралевски, Никола Груевски и Али Ахмети ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваа 86 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Предлогот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста на Предлогот овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда г. Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе.

Владата предлага закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија кој барам од Собранието да се донесе по итна постапка согласно Деловникот за работа на Собранието поради рокот предвиден во членот 81 став 8 од Уставот на Република Македонија во кој е утврдено дека во случај на престанок на мандатот на претседателот на Републиката од кои и да е причини изборот за нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот.

Од донесувањето на Одлуката од страна на Уставниот суд на Република Македонија за престанок на мандатот на претседателот и со нејзиното објавување во “Сл. весник” таа одлука почнува да произведува правни дејствија. Поради тоа што не постојат законски решенија врз основа на кои би се спровеле изборите за избор на претседател на Република Македонија по престанокот на мандатот предлагаме овој закон да се донесе по итна постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа ли е образложението?

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Тоа е образложението по однос на итноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Од 83 пратеници за предлогот гласале 81, двајца воздржани и против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 86 пратеници од кои 84 гласале за предлогот, возджани нема и двајца против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 90 пратеници, од кои 89 за, еден против и воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Макеоднија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Дали министерот има воведно излагање, бидејќи потоа ќе направиме пауза за да се подготват извештаите и амандманите како и да ви се достават.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сите знаете дека законот за избор на претседател на Република Македонија е донесен 1994 година и тој Закон е изменет и дополнет 1999 година. Во тој Закон има упад на одредба дека согласно Законот за избор на пратеници се спроведуваат изборите и за претседател на Република Македонија ако одредени дејствија не се уредени со Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Би сакал да нагласам дека со постојните законски решенија не се предвидени одредби со кои се регулира постапката кога од било кои причини ќе му престане мандатот на претседателот на Република Македонија поради што се наметна потребата од промена односно дополнување на законската регулатива со што ќе се

уреди и прашањето за избор на претседател поврзано со престанокот на функцијата.

Предложените измени и дополнвуања на Законот за избор на претседател се наметнаа и како неопходна потреба заради операционализација на членот 81 став 8 од Уставот на Република Македонија и член 4 од Законот за избор на претседател на Република Македонија со кои е утврдено дека во случај на престанок на мандатот на претседателот на Република Македонија од кои и да е причини изборот лза нов претседател се врши во рок од 40 дена од престанокот на мандатот.

Според оваа Уставна одредба со предложените измени на Законот се предлагаат сите изборни дејствија до денот на одржување на изборите да се спроведуваат во рок од 40 дена.

Законот кој Владата го предлага според кој изборите за претседател се спроведуваат во согласност со одредбите на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, меѓутоа треба да се има во предвид дека според Законот за парламентарните избори во делот за избор на пратеници е различен едниот модел од другиот модел. Од тие причини се предлага измени во делот на изборните органи со тоа што регионалните изборни комисии ја немаат веќе функцијата во овие избори од причини што Република Македонија е една изборна единица, а нивните надлежности се пренесуваат дел во Државната изборна комисија и дел во општинските изборни комисии.

Уставниот рок за избор на претседател на Република Македонија во случаите кога ќе му престане мандатот обврзува на скратување на сите рокови во предизборната постапка. Сепак предложените измени и покрај генералното скратување на роковите во однос на рокот што се однесува на постапката за собирање на потписи, повторувам на постапката за собирање на потписи за предлагање на кандидати за претседател се цени дека тој рок треба да биде подолг за сметка на сите други рокови, а посебно рокот за изборната кампања со цел да им се овозможи на граѓаните со собирање на потписи како група на граѓани, кое нешто го налага и Уствот на Република Македонија, кој не случајно како прв предлагач децидно ги нумерира десетте илјади потписи односно граѓаните на Република Македонија, па потоа пратениците итн.

Посебно би сакал во оваа прилика да нагласам дека со предложените измени на Законот не се менува составот на изборните органи формирани 2002 година кои ги извршија парламентарните избори, а се предлагаат само пократки рокови во

однос на предлагањето за избор на претседателите , членовите и нивните заменици во овие комисии.

По однос на именувањето на избирачките одбори предлагањето на членовите останува по истиот принцип со тоа што се скратуваат роковите за нивно формирање.

Предлагаме имајќи ги предвид причините што ги изнесовме Собранието да го донесе овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. министер.

Објавувам пауза од 1 час за да се добијат извештаите, евентуално ако има некои амандмани да се подговтват за да може и министерот да биде подготвен за тие амандмани.

Пауза од еден час.

(пауза од 13,25 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 во новиот член 5-а став 2 точка 10, став 3 за бришење на точка 10 и на точка 11, на член 2 во новиот член 5-б во став 1 точка 4 и за бришење на нумерацијата на точка 5 став 3 и 6, член 3 во новиот член 10-а став 1, член 3 во новиот член 10-ѕ став 1, член 4 во новиот член 10-к, став 4 и на став 5 и на член 7 став 2 и 4 за менување на став 5 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 3 во новиот член 10-ж со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Џевдет Насуфи, Илијаз Халими, Фатмир Асани и Зиди Џелили поднесоа амандмани на член 2 во новиот член 5-б за додавање нов став по ставот 1 и за бришење на став 5, на член 3 во новиот член 10-б, член 3 во новиот член 10-д

став 4 и на член 4 во новиот член 10-и за бришење на став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Марија Којзеклиска поднесоа амандман за додавање нов член 2-а по членот 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Блаже Стојановски, поднесе амандман во членот 7 став 5.

Пратениците Коце Трајановски и Марија Којзеклиска поднесоа амандман во член 3 во новиот член 10-а став 2.

Пратениците Коце Трајановски и Марија Којзеклиска поднесоа амандман во член 3 во новиот член 10-з за став 1.

Прат ениците Коце Трајановски и Марија Којзеклиска поднесоа амандмани во член 3, потоа во член 10-в став 1, потоа во став 2, потоа во членот 10-ѓ и во новиот член 10-е.

Пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски поднесоа амандман во член 2 во новиот член 5-а став 3 точка 11.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 5-б за додавање нов став по ставот 1 и за бришење на став 5 поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Илијаз Халими, Фатмир Асани и Зиди Џелили.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 57 пратеници, за амандманот гласале 2 пратеника, воздржано гласал 1 пратеник, против гласале 54 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 10-б поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Илијаз Халими, Фатмир Асани и Зиди Џелили.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа од причина што е безпредметен затоа што во Законот за избирачки список ова што се предлага со амандманот веќе го имаме. Така што ова е уредено во Законот за избирачки список и буквално ваква одредба има во тој закон каде што е предвидено не само подрачните одделенија на Министерството за правда, туку и во месните канцеларии се прави тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 61 пратеник, за амандманот гласале 2 пратеника, воздржано гласале 3 пратеника, против гласале 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 10-е став 4, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Илијаз Халими, Фатмир Асани и Зиди Џелили.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Владата не го прифаќа амандманот од причина што имајќи ја во предвид уставната одредба дека рокот за спроведување на сите овие изборни дејствија е 40 дена. Ако се прифати дека и по пошта тоа може да се доставува, може да ни се случи да не ја постигнеме целта во државата и да ни се наруши целиот закон, односно целиот концепт на законот и практично да ни се создаде хаос во роковите за изборните дејствија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседател, ние поради консултации малку задоцнивме иако сме предлагачи на амандманите ја користам приликата да изразам на некој начин да ги изразам нашите ставови, единствени ставови како парламентарна група затоа што правиме измена, или усвојување на законот во итна постапка во момент кој што е посебен и ДПА има почит и разбирање за создадената состојба. Затоа и во тој контекс сите амандмани ќе ги повлечеме, меѓутоа

останувaат нашите забелешки, начелни забелешки затоа што има многу простор за забелешки што се однесува на политичкиот аспект така и на правниот аспект во имплементирање на Охридскиот договор што се однесува на јазикот во оваа прилика. Меѓутоа, имаме уште една сериозна забелешка која во продолжение на овие девијации ги правите, а тоа е изборот на претседателот на ДИК која што според правилата и според бонтонот требало да се направи во консултации и со ДПА, нешто што ние не го оспоруваме, меѓутоа според бонтонот и според досегашните договори имало потреба барем да се консултираме. Значи, имајте го предвид тоа дека ги повлекуваме сите амандмани, благодарение на образложението што го кажав на почетокот, меѓутоа не ги повлекуваме нашите начелни забелешки затоа што ние не мислиме дека создадената трагедија, или создадена трагедија со смртта на господинот Трајковски да ја искористиме во контекс на политички маркетинг и затоа ги повлекуваме сите амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, амандманот е повлечен. Исто така и четвртиот амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по член 2, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Марија Којзеклиска и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Овој амандман гласи: на избраните, или именуваните функционери од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за претседател на Република Македонија функцијата им мирува до завршувањето на изборната постапка.

Образложението е следно. Со овој амандман се бара на избраните, или на именуваните функционери за време на изборната постапка да им мирува функцијата поради можноста за време на изборите да ја употребат својата функција за нивната изборна кампања, т.е. да влијаат со тоа што ќе ги употребат сите можности како медиумски така средбите и контактите кои што ги имаат со оглед на функцијата која што ја поседуваат и со тоа директно да влијаат на резултатите на изборната кампања и да ги доведат во понерамноправна положба останатите кандидати кои што немаат државни функции, не се именувани или не се избрани од граѓаните на

Република Македонија и сметам дека со прифаќањето на овој амандман ќе се овозможи да сите кандидати имаат еднакви предуслови и да имаат еднакви стандарди при изборната кампања за избор на претседател на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 79 пратеници, за амандманот гласале 17 пратеника, воздржано гласале 2 пратеника, против гласале 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници следниве амандмани се добиени пред малку и затоа јас ќе го читам амандманот, не е во сценариото и затоа идеме сега со амандманот кој е поднесен од пратеникот Стојаноски Блаже и тој амандман се однесува во членот 7, став 5 се брише.

Ве молам да се изјасни претставникот на Владата.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

Овој амандман е поднесен заради усогласување на овој закон со Законот за избор на пратеници и со одредбите од Законот за државни службеници каде што не постои звање секретар. Значи прашањето на овој став од член 7 го предлагаме за да биде ова подеднакво регулирано како што е регулирано во овие два закони и да биде овој закон конзистентен  со законите кои што претходно ги наведов.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 83 пратеника, од кои 18 за амандманот, 3 воздржани, 62 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амадндманот.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Коце Трајановски и Марија Којзеклиска, кои што бараат во член 3, во новиот член 10-а став 2, зборовите “48 часа” се заменуваат со зборовите: “24 часа”.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Владата не го прифаќа амандманот со образложение дека претседателот на Собранието може да донесе одлука, односно решение за распишување на изборите и пред 48 часа. Така е дикцијата на одредбата што законот го има.

ЉУПЧО ЈОРАДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ние разговаравме со министерот Иџет Мемети на Законодавно-правна комисија и токму тука се постави дилемата за 48 часа, дека претседателот на Собранието на Република Македонија во рок од 48 часа од објавувањето на актот, на Уставниот суд, се мисли на тој акт донесува акт за распишување на избори за избор на претседател на Република Македонија. Точно дека претседателот на Собранието на Република Македонија не е обврзан да го испочитува до крај, може и порано од 48 часа, меѓутоа се работи за избори за претседател на Република Македонија поради престанок на мандатот. Ако веќе сите рокови се скратуваат, тогаш и овој рок 48 часа сметам дека треба да биде скратен и да изнесува 24 часа, од денот на утврдувањето на престанување на услови за функцијата претседател.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој дриг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 81 пратеник, 17 за амандманот, 2 воздржани, 62 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Коце Трајановски и Марија Којзеклиска.

Амандманот ќе го прочитам и тоа е следниот. Со амандманот се бара во член 3 во новиот член 10-б, зборовите “петиот ден” се заменуваат со зборовите:”вториот ден”, а зборовите “10 дена” се заменуваат со зборовите: “7 дена”.

Во член 10-в став 1, зборот “16-тиот” се заменува со зборот: “10-тиот”.

Во став 2, зборот “17-тиот” се заменува со зборот: “11-тиот”.

Во новиот член 10-ѓ, зборот “21-виот” се заменуваат со зборот “15-тиот”.

И во новиот член 10-е зборовите: “22-иот” се заменуваат со зборот:”16-тиот”.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Владата не го прифаќа амандманот од причина што имајќи го предвид тоа дека согласно Законот за собирање на потписи, потписите се собираат во 34 подрачни единици на Министерството за правда, плус 237 месни канцеларии, се работи за огромен број на места кои органот што е надлежен за создавање на услови на граѓаните да можат уставното загарантирано право да го остваруваат и да предлагаат кандидати за претседател, сметаме дека во рокот помал од 5 дена не ќе бидеме во можност да им ги исполниме сите услови за да можат слободно да дават свои потписи. Тоа е едно.

По однос на скратувањето на рокот за собирање на потписи за предлагање на кандидат во својство на група на граѓани, сметаме дека не треба да се прифати од причина што ако се чита Уставот на Република Македонија, поточно членот 81 каде што децидно се наброени кои се предлагачите на кандидат за претседател на Република Македонија не случајно Уставот во прво место ги става граѓаните, а во второ место се пратениците и тн.

Имајќи го предвид ова загарантирано право на граѓаните и сакајќи да не им се ускратуваат нивните права за да можат да предлагаат како група граѓани кандидати за претседател, предлагаме решение како што стои во самиот текст на Законот а тоа е 10 дена. Тоа се причините поради кои не сме во можност да го прифатиме овој амандман.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Овој член 10-б се однесува на собирањето на потписите во постапката за кандидирање, тоа е едниот дел и јавниот увид во избирачкиот список. Сметам дека собирањето на потписи треба да направи една мала разлика. Собирањето на потписи, точно дека е утврдено во член 81, мислам правото на граѓаните и затоа се први ставени како потписи од 10.000 избирачи. Сметам дека со скратувањето на роковите нема да им се ускрати правото на граѓаните да го дадат својот потпис и за определен кандидат. Меѓутоа, ако вака остане одредбата како што е предложена, тогаш на граѓаните ќе им биде скратено правото, всушност на кандидатот ќе му биде скратено правото да ја обрасложи својата програма во изборната кампања.

При собирањето на потписи граѓаните можат да си го дадат тоа право. Роковите тука може да се прифатат така како што се предложени во амандманот. Меѓутоа, како тие граѓани ќе го дадат својот глас за кандидат чија изборна кампања ќе биде само 15 дена. Се работи за независен кандидат, се работи за 10.000 потписи. Како тој кандидат ќе ги убеди тие луѓе дека токму тој е вистинскиот избор, за да го дадат својот глас за него. Тоа е образложението на овој амандман. И сите понатамошни членови 10-ѓ, 10-в се однесуваат во контекст на скратување на роковите затоа што, сепак да не заборавиме, се работи за постапка која е предвидена во одреден рок од 40 дена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 80- пратеници, 17 за, 2 воздржани и 61 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски.

Амандманот гласи - Во член 2, во новиот член 5-а, став 3 точка 11 се менува и гласи: “Ги собира записниците и целокупниот изборен материјал од избирачките одбори и ги доставува и ги доставува до Државната изборна комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас би бил задоволен кога би можел да изразам едно задоволство дека овој закон би бил донесен без амандмани односно во согласност и на позицијата и на опозицијата. Меѓутоа, што е тука е и ќе мора на овој начин да ги образлагаме нашите видувања по однос на изборната постапка. Дел од тие видувања, односно наши ставови се однесуваат и на ингеренциите што се определени во членот 5-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, што по итна постапка го предложи Владата на Република Македонија.

Во точка 15 од овој закон стои дека ДИК ги пресметува и утврдува резултатите од изборите. Ние сметаме дека после зборот "пресметува" треба да се додаде зборот "сумира". На овој начин ДИК би се довела во можност да ги сумира севкупните резултати од изборниот процес, односно општинските изборни комисии да го достават целокупниот изборен материјал до ДИК и тоа да ги утврди вкупните резултати од изборите. Ова би ги образложил и со фактот што, во овој случај, за разлика од изборите за пратеници, не постојат регионални изборни комисии, бидејќи не постојат изборни региони. Од тие причини Република Македонија е една изборна единица. Во овој случај ДИК треба да ги преземе ингеренциите кои ги имаат регионалните изборни комисии, што значи дека ингеренциите во однос на сумирањето на вкупните резултати од сите општински комисии не треба да биде врз основа само на математичка операција на собирање на резултатите по записници од општинските изборни комисии, туку вкупните резултати кои ќе произлезат од гласањето на секое избирачко место што ќе бидат предадени до ДИК од страна на општинските изборни комисии. Тоа е моето образложение и сметам дека тоа е во согласност со Законот за избор на пратеници и дека е начин во кој би се оневозможиле сите сомневања во однос на целиот изборен процес за кој сепак ДИК е главниот избирачки орган, државен орган кој треба да ги испрати конечните резултати од изборите за претседател на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник, 19 гласале за амандманот, 2 воздржани и 60 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Во меѓувреме стигнаа уште неколку амандмани.

Пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 2 во новиот член 5-б став 3 и за додавање на нов став 3-а по ставот 3, член 2, во новиот член 5-б став 5, член 3, во новиот член 10-б и на член 3 во новиот член 10-в, став 1 и на став 2, по кои Владата на Република Македонија не се произнела.

Пратеникот Рафис Алити поднесе амандманот на член 2, во новиот член 5-б став 4 по кој Владата на Република Македонија не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2, во новиот член 5-б став 3 и за додавање на став 3-а по ставот 3, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ние сме свесни, ја разбираме ситуацијата и околностите од тајмингот кога се предлагаат измените и дополнувањата на Законот за избор на претседател на државата и се разбира со жалост секогаш, за создадената ситуација.

Ние сме обрзани да интервенираме на овој начин и со овој предлог измени и дополнување на Законот. Мислиме согласно Охридскиот рамковен договор и согласно амандманот 5 од Уставот на Република Македонија, односно измените кои се направени на Уставот, треба да се регулира и употребата на јазикот односно писмото, во член 2 што сега е 5-б, кој зборува гласачкото ливче да се испишува со текст и се разбира се она што ќе се напише во гласачките материјали, за кандидати

и тн., но и во овој случај, бидејќи станува збор за гласачко ливче, да дојде до израз она што е уставно право за заедниците кои имаат над 20%, да се употребува односно да се стави јазикот и писмото во употреба на таа национална заедница. Заради тоа ја правиме таа интервенција, бидејќи мислиме дека е во согланост со Уставот како што реков. Јас очекувам во врска со ова да имаме и поддршка од колегите пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за правда господинот Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван господине Рамадани, знам дека знаете дека по потпишување на Рамковниот договор беа усвоени измени на Уставот на Република Македонија. Исто така знам дека знаете дека по донесувањето на Уставот на Република Македонија 5 месеци траеја усогласувањата по однос на тоа како ќе гласи член 71 од Законот за избор на пратеници. Не случајно гласачкото ливче нема да има назив. Називот на гласачкото ливче е знамето на Република Македонија. Тоа сите го знаат.

И на парламентарните избори во 2002 година, гласачкото ливче не беше напишано на македонски и дополнително на албански, туку го имаше само знамето на Република Македонија.

Изгледот на гласачкото ливче е усогласен 2002 година и буквално тоа што беше тогаш усогласено и усвоено од сите потписнички на Рамковниот договор, го презедовме од тој закон и го пресликавме во овој закон, имајќи ги предвид роковите, имајќи го предвид моментот во кој се наоѓа Република Македонија, за да успееме во роковите што ги налага Уставот, да имаме избори за претседател на Република Македонија. Овој текст на закон што сега се предлага прави еден исчекор напред, со тоа што, имајќи го предвид амандманот 5 од Уставот, им овозможува на граѓаните, со тоа што утврдените листи на кандидати кои не се изборен материјал ќе бидат истакнати пред сите седишта на општинските изборни комисии и на јазикот кој го зборуваат над 20% од граѓаните.

По однос на употребата на јазиците сметам дека има доста области односно ова прашање во Република Македонија не е до крајот сумирано, има доста прашања кои треба да се апсолвираат и да се регулираат со закон, до крај. Но, мислам дека тоа треба да го направи Законот за употреба на јазиците, што сметаме дека оваа година ќе биде донесен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели, имате збор.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувн претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Преда да се вклучвам во расправа по образложението на амандманот што го поднесовме, како пратеници на Демократската партија, сакам на сите жени во Парламентот да им го честитам 8-ми Март, Денот на жените. Но, во овој случај сакам да им го честитам 8-ми Март на сите мајки, наши сестри и на целиот женски свет било каде да се наоѓаат во овој добар ден.

Сега ќе зборувам за амандманот.

Амандманот за кој станува збор, кој е предложен од наша страна, образложението го кажа господинот Исмет Рамадани. Јас ќе се потрудам да не се повторам, но ќе кажам нешто што до сега не е речено и би поставил едно прашање.

Законот за кој ставува збор, за поправично информирање, вели дека само името на предлагачот и името на кандидатот да биде и на јазикот на заедницата која намалку е 20% во Република Македонија. Јас би рекол, како ќе изгледа гласачкото ливче доколку немаме кандидат на другите заедници, зборувам за албанци кандидати и други кандидати, или најдобро речено за немакедонски кандидати. Или, еве, листата ќе има само македонски кандидати. Значи, гласачкото ливче ќе биде само на еден јазик, што значи само на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Не станува збор за индивидуални права, станува збор за службен јазик во Република Македонија, парарелно со македонскиот јазик.

Второ, да одиме малиу подалеку. Имено, до колку направивме грешка во 2002 година и работевме или дејствувавме против Уставот, не треба истата грешка да ја повторуваме, значи и понатаму да дејствуваме против Уставот на Република Македонија, бидејќи Уставот или подобро речено амандманот 5 кој се однесува на употребата на јазикот, вели - На цела територија на Република Македонија службен јазик во меѓународна комуникација е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик освен македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од населението, исто така е службен јазик во Република Македонија.

Трето, не може еден документ како што е гласачкото ливче да нема наслов. Ова значи дека, како законот што денес го предлагате овде во Парламентот кој вели - Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател да го нема овој наслов, туку да влеземе во

суштината на законот без наслов. Обичниот граѓанин кога ќе оди на гласачкото место треба да го земе гласачкото ливче и тој може да види дека не пишува гласачко ливче, туку го има само знамето на Република Македонија. Значи, знамето нека остане, да немаме разлики и дилеми околу ова прашање, но во гласачкото ливче нека пишува на македонски, гласачко ливче, а на албански јазик гласачко ливче на албански. Дури, амандманот оди и понатаму и вели - Во единиците на локалната самоуправа каде најмалку 20% од населението им припаѓа на друга заедница која не е македонска заедница. Конкретно, станува збор за албанската заедница, а нека станува збор и за другите заедници, таму каде што се тие 20%. Не треба да им го негираме правото, некој да може да прочита што врши, кога ќе гласа. Вака без именување на самиот документ, значи дека тој не знае што заокружува и закого ќе гласа. За тоа ние можеме да имаме без број аргументи, но јас мислам, грешките што ги наравиме во минатото не треба да ги повторуваме и во минатото. Сега е подобро да не обвинуваат граѓаните од разни провиниенции, зборувам за нас како албанци, отколку тоа да го оставиме за утре, и да биде доцна и никогаш да не можеме да ги подобриме тие грешки, во согласност со Уставот. Овде во нашиот предлог ништо не е противуставно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине министре, имате збор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Не слиучајно јас и на почетокот нагласив дека овој закон оди чекор напред по однос на тоа што значи право на граѓани да се запознаат со тоа што значи изборна постапка и кого ќе го гласаат. Меѓутоа, за волја на вистината и заради пообјективно информирање на јавноста би сакал да кажам само неколку зборови.

Гласачкото ливче е ливче во кое што нема да има назив, туку ќе го има знамето на Република Македонија. Понатаму, во истото ливче ќе бидат наброени, наредени кандидатите по редослед, по ждрепка. На крајот на ливчето го има упатството што е дел на одредбата од членот 5-б, според кое упатство во тоа гласачко ливче граѓаните ќе го имаат на пет или на шест јазици, упатството, на крајот на ливчето ќе биде почнувајќи на македонски, на албански, на турски и тн. Сметам дека ова е добро заради информирање на јавноста, а гласачкото ливче ќе биде исто како што беше за време на парламентарните избори 2002 година, со тоа

што утврдените листи на кандидати ќе бидат истакнати пред седиштата на општините двојазично, како што налага одредбата што ја предлагаме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Тачи, барате збор?

Повелете.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Благодарам.

Иако не сакав да се вклучам во дискусијата, но откако го слушнав разговорот помеѓу министерот Мемети, мислам дека треба да дадеме некое дообјаснување на јавноста.

Господине министре, вие треба да внимавате заради хармонизација на условите со Законот, а не да кажувате приказни овде. Цело време зборувате, а не правите никаква интерпретација на поврзувањето на членот од Уставот за зборување официјален јазик на 20% од населението што го зборуваат. Од друга страна треба да имате предвид дека Законот за употреба на јазиците, на албанскиот јазик што треба да го донесеме, правната основа е во Уставот. Значи, во реалноста е така. Вие имате право кога велите дека договорот помеѓу четирите политички сили пред парламентарните избори беше гласачкото ливче да изгледа вака. Но, господинот Вејсели тогаш имаше и еден друг проблем кога ДПА вршеше притисок гласачкото ливче да биде на два јазици, нашата партија, каде што беше тогаш и господинот Иџет, создадовте една јавност, заедно со СДСМ кај меѓународниот фактор дека ДПА сака да го попречи одржувањето а изборот и врши притисок изборот да се одложи.

Вистина е дека не бевме принудени, под притисок на меѓународните фактори да се откажеме од нашите намери, јас бев на таа средба, господинот Џонс, господин Ле Роа, господин Црвенковски, господин Марјан Ѓорчев и други и господин Алити. Ова е реалноста дека ние тогаш отстапивме, бидејќи бевме во една многу тешка ситуација. Вие создадовте меѓународниот фактор да не обвини дека ние го попречуваме одржувањето на изборите, но најдовте согласност со хармонизација на

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувате за историјата.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Нормално е дека тогашниот договор што сегашниот претседател на Парламентот вели дека е историја, историја што гарантира унитарна држава на Македонија, територијална интегрираност и солидарност, ја разоружа УЧК, донесе Закон за амнестија, тоа сега се нарекува историја.

Тогашниот политички договор беше во присуство на меѓународниот фактор, новиот закон за употреба на јазиците да се донесе за оние граѓани што се повеќе од 20%. Употребата на тој јазик, да се употреби во сите документации. Тоа се прашања што ги тангираат граѓаните што ги има повеќе од 20% и тн. и тн. Затоа, господине министер не е добро овде да дезинформирате дека оваа измена што вие ја предлагате е многу понапредна. Не е точно.

Парламентарните избори, истите прашања што вие ги спомнавте тука, истите прашања беа спомнати и во Законот што беше донесен за парламентарни избори тогаш, да не остане дека ние не го поддржуваме овој предлог за измена и дополнување на Законот што го дадоа господата Исмет Рамадани и Вејсели, но сакав да дадам некои дообјаснувања за јавноста, затоа што иако се историја, тие се вистина, една реалност што говори тука. А, ќе видиме што ќе се случи во иднина.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Тачи.

Повелете господине министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас ќе морам да нагласам неколку работи.

Добро е што постојат служби и има архиви и во Собранието и во Владата. Ова го кажувам само поради јавноста. Се знае точно кој беше првичниот текст на Закон за избор на пратеници и по однос на изгледот на гласачкото ливче, односно и по однос на употребата на јазиците. Првичниот текст што влезе во тогашната Влада, токму од овие што сега нагласуваат дека би требало да изгледа поинаку, беше деградиран. Тоа е добро јавноста да го знае.

Јас, уште еднаш повторувам дека употребата на јазиците во Република Македонија до крај треба да се уреди. А, тоа ќе биде направено во овој мандат на оваа Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние сега не можеме да водиме дебати, реплики и контрареплики. Јас ова ќе го сметам веќе како реплики и контрареплики и нема право повеќе. Мислам дека се искажавме и затоа би ги замолил пратениците, еве уште еднаш ќе дадам право да се изјаснат, бидејќи се пријавени, господинот Вејсели и господинот Даневски и Мендух Тачи.

Господинот Мендух Тачи има збор, а после тоа завршуваме.

Повелете господине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Добро, овде се отворија дилеми за минатото. Многу е лесно сега да ја фрлиме топката едни кон други кога тогаш сите работевме заедно за да дојдеме до еден можен консензус меѓу политичките субјекти, потписнички на Охридскиот договор. Тоа се двете политички македонски партии ВМРО, СДСМ, ДПА и ПДП. Значи, сите варијанти, сега сите можеме да бидеме големи патриоти и да кажеме дека нашата варијанта беше најдобра и нивната беше најдобра. Никој не се обвинува самиот себе си.

Но, јас можам да кажам, а сум рекол и претходно, ако тогаш се направија пропусти, се направија компромиси, вие знаете дека тогаш само што заврши војната на ОНА и имаше една многу сложена состојба во Република Македонија. Секоја средба што се одржуваше кај претседателот Трајковски имаше посредници од Меѓународната заедница. Ние бевме принудени, сите заедно, да изнајдеме една средина за сите, бидејќи не очекуваа парламентарните избори и не очекуваше една нова историја, една нова страница на историјата. Но, никако не можам да се согласам, ако сме згрешиле тогаш, не можам да дозвлам да грешиме и денес. Бидејќи тогаш навистина работевме и дејствувавме против Уставот што го гласавме ние, во првиот или во овој Парламент. Затоа, денеска не е образложение тоа дека сме дејствувале на овој начин во 2002 година, па така да дејствуваме и денес. Доколку е лошо, не треба да го заобиколиме или да го прекршиме, туку Уставот треба да го почитуваме.

Сакам да кажам уште еднаш дека албанскиот јазик во Република Македонија е службен јазик.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Вејсели.

Господине Даневски вие баравте збор, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Да не бидеме погрешно разбрани и да не ја збуниме македонската јавност, јас ќе си го дозволам правото да го прочитам Амандманот 5, во ставот 1 кој гласи:

“На цела територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо”.

Мислам дека е ова децидно кажано и нама што по ова прашање да дискутираме. Дека службен јазик е македонски јазик. Нема што сега ние да правиме стално компромиси дали треба да пишува гласачко ливче. Во секој случај треба да пишува гласачко ливче. И, нема што ние да се срамиме да пишува на македонски јазик. Нема потреба да правиме сега отстапки. Да не се повикуваме како било тогаш кога се правеле закони за избор на пратеници. Кога ќе се изрегулира употребата на јазиците и кога ќе направиме измени и дополнувања на Законот ќе стои така како што ќе донесеме тогаш така.

Во дадениов момент нема потреба да не пишуваме ние гласачко ливче, да ги збунуваме сите граѓани во Република Македонија. Ако оваа материја ја уредиме до крајот на годината, како што потенцираше министерот дека ќе се носи закон за употреба на јазиците, дека тоа е договор, сигурно дека ние ќе го почитуваме тоа. Во дадениов момент нема што да правиме ние компромис. Амандманот 5 од Уставот е јасен. Службен јазик во Република Македонија е македонскиот јазик. Со тоа нема што повеќе да полемизираме тука или да се договараме и да правиме компромис.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Тачи.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Прво, после другите работи, членот 7, Амандмант 2, тогаш ќе ви биде јасно дали во Македонија службен јазик е само македонскиот јазик. Тој е многу нејасен кога зборува, мислам дека тогаш не си бил присутен на тие разговори и многу ми е јасно дека тие што реагираат го деградирале тогаш прашањето на употребата на јазиците. Но, и ти и тие кои што сега се на власт во Влада заедно со тебе, господине министер, за жал го убедија господинот Солана и господин Робертсон дека ДПА,

барањето гласачкото ливче да биде пишувано и на албански јазик го употребува само заради блокирање на парламентарните избори.

И, од овој начин на измислици кој што тогаш имаше успех ДПА и јас лично имав една средба саат и 45 минути со Солана и Робертсон и тогаш мене директно ми беше кажано и се разбира јас бев приморан да се повлечам.

Гласачко ливче господине Даневски, знаат тие што учествуваа во преговорите. Да не беше тоа проблематично, ќе пишуваше гласачко ливче. Компромисот е направен со знамето.

И, прашањето на употребата на албанскиот јазик неслучајно се спомнува подолу специфицирано со закон и неслучајно се вели, во меѓународна комуникација официјален јазик е македонскиот јазик, што автоматски подразбира дека внатре во Македонија има уште еден официјален јазик. И добро е, господине министре, да не ги коментираат работите како што вие ги гледате, вие правите само една манипулација за овој закон за употребата на јазиците на другите етнички заедници, значи сте го ставиле без никаква основа ниту уставна, ниту законска основа со цел да се камуфлира употребата ли, суспендирањето, правичната употреба на албанскиот јази.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Министерот за правда. (Господинот Даневски бара збор).

Господине Даневски, нема реплика, контрареплика, заврши тоа.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Се повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се повлекувате.

Господине Насуфи барате збор?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе не го кршите Правилникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го кршам Правилникот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Моето име спомнато е два пати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нека господинот Насуфи го каже своето.

(Господинот Даневски бара збор).

Повелете господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

За господинот Тачи, ќе го прочитам членот 7 "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо". Ставот 2 "Во единиците на локална самоуправа", тука не спориме, на локално ниво. (Реакција на некои од пратениците). Во единиците на локално ниво каде што се над 20% се зборува и албански, но на цела територија службен јазик е македонскиот јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 8 за амандманот, воздржани нема, 48 против.

Ве молам да се утврди бројот на присутните и ве молам пратениците да не излегуваат од салата. Ова може да се сфати како наредба.

Во салата се присутни 79 пратеници, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 5-б став 6, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине претседател, овде станува збор за истото прашање кое можам да го елаборирам и со оглед дека не се прифаќа првото, нема волја да се прифати и второто прашање, повторно се однесува на употребата на јазикот на самото гласачко ливче.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Гласале 70 пратеници, 11 гласале за амандманот, 1 воздржан, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на член 3, во новиот член 10, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам.

Амандманот не се прифаќа со оглед на тоа дека рок од 15 дена за собирање на потписи е за редовни избори каде што изборните дејствија течат три месеци, тоа значи 90 дена, а не 40 дена. И, сметам дека овој амандман не може да се прифати затоа што ќе го наруши целиот систем во законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ако е така амандманот го повлекуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 10-в став 1 и став 2 поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Истото образложение, како и во првото. Амандманот не може да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Вејсели, го повлекувате ли амандманот.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Го повлекуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 5-б став 4 поднесен од пратеникот Рафис Алити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам кој бара збор?

Има збор г. Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе.

Иако за овој амандман се гледа дека има подршка, или основа во Уставот за употребата на јазиците, иако ова се гарантира по Уставот, но минситерот претходно се повика дека со политички договор е регулирано законот да се донесе и т.н., независно од објаснувањата што ги даде минситерот мислам дека тука се оштетуваат граѓаните на РМ кои што ќе гласаат за идните кандидати за претседател на државата, но истовремено не се оштетуваат само граѓните туку и самите кандидати. Тргнувајки од овој момент го поднесов овој амандман барем малку да се обезбеди двојазичноста за оние граѓни кои што не го познаваат едниот од двата јазика кои им се гарантираат со Уставот, иако пропагандниот материјал ќе биде и на албански јазик и т.н.

Мислам дека интерес е и на политичките партии, барем на поголемите политички партии кои што имаат аспирации и реални изгледи нивниот кандидат да се избере за иден претседател мислам дека ќе биде од интерес на сите овој амандман да бид еподржан, без оглед дали доаѓа од опозицијата или пак од позицијата.

Бидејки се гледа јасно од објаснувањата што ги даде минситерот дека со законот за употребата на јазиците, кој што ќе биде донесен, ова Уставно право ќе им се гарантира и ќе им се даде можност на сите граѓани да го уживаат тоа право. Јас го повлекувам овој амандман, но останува во иднина да се корегираат овие грешки кои што се направени во минатото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по  текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Прв е ..

(Пратениците Блаже Стојаноски и Коце Трајановски реагираат дека некои амандмани не се разгледани).

Има ли некои нови амандмани.

Господине Коце Трајановски ве молам дојдете.

(Претседателот ги повикува пратениците да дојдат на неговата маса).

Јас се извинувам за оваа кратка пауза, но дозволете да го расчистиме ова прашање.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор г. Слободан Чашуле, а нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господин претседател,

Мислев на почетокот да изразам изненадување и да протестирам што почнуваме од амандманите, меѓутоа си реков можеби е подобро, ќе видиме а амандманите колку имаме навистина готовност два за нас во овој момент нерешливи проблеми да ги ублажиме со нивните последици градејќи консензуална согласност. За жал до неа не дојдовме. Почнавме повторно со познатите странпатици и ја подгреваме атмосферата на еден за мене неприфатлив начин и влегуваме со дополнително објаснет или кренат до едно за мене нерационално ниво багаж во предизборната кампања. Ќе изведеме целосна збунетост, страв, и што е најважно политичка апатија, да не речам политички отпор према овој еминентно демократски чин, како што е гласањето. Зошто го велам ова? Заради тоа што ние сме ставени сега во ситуација , една ирационална позиција во Уставот и во Законот, една за мене непродуктивна состојба да ја ублажуваме бидејки инструментите за нејзиното решавање не ни се достапни заради трагедијата и вонредните околности во кои се наоѓаме.

Имено мене не ми е јасно сега зошто уставотворците предвиделе изборот на нов претседател, без разлика како му прекинува мандатот, во случајот еве вака несреќно, насилно или со оставка да биде спречен да ја врши работата да бираме по скратена постапка на целосен мандат. Четириесетте дена ќе имаа логика ако биравме претседател кој треба да го доврши мандатот на претходниот претседател, па државата да не биде осакатена и да не биде во интерегно, да немаме двојство на функции ценетиот колега да води Собрание, а да не може да гласа бираме по забрзана постапка претседател кој ќе го доврши мандатот бидејќи сме предвиделе да немаме потпретседател на државата. Тука има логика, меѓутоа ако бираме претседател на 5 години во скусена постапка тогаш логиката не ја гледам. Но, ние

тоа не можеме да го промениме затоа што треба да се промени Уставот. Демократиите всушност се темелат на почитување на законот, но исто така и на процедура. Јас сметам дека за да бидеме умни ние ќе треба да почнеме да размислуваме кои се генераторите на проблемите во нашиот Устав и да почнеме така како што доликува во една демократска процедура и тој документ да го преличиме на развојот на нашето општество во кое се обидуваме да градиме држава на мултикултура и на слободни граѓани.

Зошто го велам ова? Господа, јас се плашам дека во забрзаната постапка повторно ќе изградиме, а еве контурите на градбата се гледаат и низ расправите, дефект. Немојте да ме сватите погрешно и немам намера историски да полемизирам, но ние имавме проблем на првите дирекни избори за претседател, иако и оние во Собранието не поминаа глатко. Па, имавме оспорувања, проблем и разни толкувања кои се подложни на политички манипулации и во изборите на кои го избравме несреќно загинатиот претседател, и еве сега создаваме повторно политичко милје во кое утре поразениот, или недоволно задоволениот кој не победил ќе може да каже дека овој мандат не е до крај изграден. Ова прашање ние можеме да го решиме со консензус со способност и подготвеност за компромис, ама гледам дека сите предлози на опозицијата кои одеа во правец на тоа формалностите да се скратат и политичката суштина на демократијата, а тоа е обраќањето кон граѓаните да добие на време не се подобри. Ние го скративме периодот на собирање на потписи, меѓутоа не ја продолживме ефикасно кампањата. Ние разговараме за елементи кои би му овозможиле на граѓанинот да има време и мир да просуди како ќе гласа. Знаете што? Јас не би сакал врз основа на нервоза, на нагласена дикција од кој ане можеме д апобегнеме, не би сакал врз основа на една подгреана енергија на нетрпеливост која прераснува во незадоволство да изградиме уште еден елемент на дисфункционалност во нашата држава имајки предвид дека се наоѓаме во еден регионален контекст на дисфункционални држави. Господа, дисфункционална држава е држава која произведува проблеми. Според тоа, каде ја гледам опасноста во една ваква ситуација при немањето слух да се направат одредени договори и компромиси, дисфункционалноста која можеме да ја создадеме. Во фактот. Дека во скусена постапка, при нагласена политичка дикција ќе имаме слаб одзив. Еве, тешко беше да се прифати дека еден претседател ќе ни загине, па направивме само во Уставот решенија, не го проследивме со една цела низа на дополнителни закони и сега се наоѓаме во ситуација тоа да го правиме на

брзина бидејќи животот е таков и во него се случуваат и работите што најмалку ги сакаме.

Јас не сакам ова што ќе ви гокажам сега да ни се случи на изборите, но совеста не ми дава , а да не го спомнам, да не предупредам и да дадам барем со моето скромно знаење некаков призрак на обид да се реши. Што ќе се случи господа ако немаме доволен одзив? Законот вели: и вака како што го дотеруваме, во забрзана постапка се Ќе направиме меѓутоа и во првиот и во вториот круг ни е потребен цензус од најмалку 50% од граѓаните запишани во избирачкиот список за да ни бидат валидни изборите. Ние сега во една ваква вонредна ситуација, не можеме да го смениме заради вонредноста, заради потребата да не ни се пролонгира овој вонреден статус на нашиот политички систем кој ни ги генерира проблемите, ние не можеме да го смениме Законот каде што вели во вториот круг да не мора, како што е во другите мнозински избори што ги има во државата, за избор на градоначалници, како што имавме и порано за пратеници, во вториот круг да не мора да биде толку висок цензус. Ако ни се случи да не излезат граѓаните тогаш ќе имаме ситуација да ни се повтори целата постапка, па ќе имаме уште 40 дена и на тој начин со се просторот измеѓу едната и другата, и со времето што сега помина нашата држава со сите наши напори да го расчистиме просторот и да не бидеме во интерегнум, ќе биде 90 дена во ситуација на константни избори, а веќе два месеца после истекувањето на деведесетиот ден, кој го прогнозирам и не сакам да се случи, ама предупредувам повторно ќе излеземе на избори. Видете го какво е милјето и видите со каков се, не негативен , не анимузитетен, со еден обид на генератори на проблемите да градиме одреден политички рејтинг и да се расправаме овде во Парламентот што е постаро Уставот или кризата, или кокошката или јајцето. Во еден таков амбиент ние сега пристапуваме кон кампања која треба да започне утре.

Господа, јас предлагам следново...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам држете за текстот на законот...

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседателе јас го предлагам следново, нема да ве коментирам, вие си земате за право, го немате ама нека ви стои.

Господа, јас предлагам во овој текст на законот ...

(Господинот претседател му дофрлува на говорникот).

Господине претседателе, вие почнувајки ја процедурата со амандманите ме ставате сега во ситуација да не можам да пледирам да се прифатат некои од тие амандмани за да консензусот биде комплетен. Во мојата книга не е консензус јас ти наредувам, а ти согласи се . Консензус е и ние да предложиме и вие да предложите и да се усогласиме. Затоа сега вие си земате за право да ме прекинувате, а претходно ми го одзедовте правото да го кажам ова пред да гласаат колегите за амандманите па да има некаква логика.

Зато господа ви велам да престанеме со овие работи, да го усвоиме овој закон, да отидеме на избори и прва задача на овој Парламент да биде да го смениме Уставот во деловите како што е овој, за да не ни се случи пак истата работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г. Чашуле, но Деловникот така вели. Јас не сум крив. Деловникто е така направен, под итно кога се носи законот.

Се извинувам госпоѓо Којзеклиска, каде е г. министер, има уште два амандмана што сега ги добивме, да ги поминеме, од вашата пратеничка група.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Имаме два амандмана сега поднесени, всушност испуштени од пратеникот Блаже Стојаноски, ќе го прочитам амандманот.

Во член 2, во новиот член 5-а став 2 точка 16 зборовите “од денот на нивното одржување”, се заменуваат со зборовите “по конечноста на резултатите”.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Навистина јас очекував дека овој амандман ќе биде прифатен, затоа што се работи за нормален амандман, кој што ја ...

(Смеење на пратениците во салата).

(Претседателот со ѕвончето ги опоменува пратениците).

Кој што е резултат на односот на Владата односно покрај сето тоа што беше изнесено кога сите политички, или голем дел на политичките партии не се задоволни

од решенијата во законот и кажаа јавно преку амандмани и на друг начин дека овој закон не ги задоволува нивните барања, единствено не се јавија тука СДСМ, ЛДП и ДУИ што значи дека овој закон претставув аконцензус помеѓу нив и затоа јас овој амандман кој што го предлагам, а кој што се однесува дека Државната изборна комисија ги објавува конечните резултати од спроведените избори во рок од три дена од денот на нивното одржување. Ако се конечни резултатите тогаш објавувањето треба да биде во рок од три дена од конечноста на резултатите. Од каде вие знаете дека конечни ќе бидат резултатите во рок од три дена. Навистина се можни најразлични ситуации. Зборуваме за целосно дефинирање и прецизно дефинирање на одредбите од вооj закон, затоа што е можно во рок од три дена ДИК да каже , да ги објави резултатите како конечни, а истовремено да не биде завршена процедурата за да стане тие навистина конечни резултати.

Ако ова не е нормално, како што се смеете, јас го кажав нормално затоа што навистина преставува нешто што е логика и од правна страна и од секаква друга страна. Јас би го повикал уште еднаш министерот да се произнесе по ова прашање, затоа што на овој начин само се анолираат сите можности за сомнежи во однос на објавување на резултатите од страна на Државната изборна комисија.

Доколку се пробие овој рок во однос на утврдувањето на конечните резултати вие немате решение. Ќе биде обвинета Државната изборна комисија дека ненавремено ги објавила конечните резултати, или ги објавила конечните резултати иако тие не биле конечни.

Затоа јас уште еднаш апелирам, за да не се создадат сомнежи, се работи за суштинско прашање, да се прифати овој амандман и наместо “од денот на одржувањето на изборите”, да стои “од конечноста на резултатите”. Значи, по конечноста на резултатите во рок од три дена ДИК да ги објави конечните резултати, затоа што само тие резултати се конечни резултати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејки ќе пристапиме кон гласање по амандманот.

(Пратениците влегуваат во сала).

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 67 пратеници, 15 за амандманот, 1 воздржан 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Имаме и последен амандман, втор всушност од тие пропуштените од пратеникот Блаже Стојановски, во член 2 во новиот член 5-а, став 3, точката 11, се менува и гласи: Ги собира записниците и целокупниот изборен материјал од избирачките одбори и ги доставува до ДИК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Пред да се произнесам би сакал да кажам неколку реченици. Затоа што навистина се направи збрка со амандманите. Јас не го прифатив амандманот 5, на пратеникот Блаже Стојановкси мислејќи дека станува збор за Амандманот 8, кој сега Вие го поставувате. Но, тоа е тоа, тоа помина и се гласаше. Инаку, амандманот 5, е навистина за подобрување на текстот на Законот каде што се додава зборот “сумирање”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине министре, вие можете да поднесете таков амандман до крај на расправата.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Проблем е времето. Инаку, тоа само би го подобрило текстот. Но, по однос на амандманот 8, Владата не го прифаќа со образложение дека овој амандман го има во текстот на Законот и нема потреба да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, дали мислите на амандманот поконеччносно?

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Мислам на амандманот за зборот каде што треба да се додаде зборот “сумира”, дека ДИК ги пресметува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тој амандман помина. Вие не го прифативте, но помина.

Дали некој бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Очигледно е претседателе дека министерот немаше доволен увид во редоследот на амандманите и од тие причини се создадоа и вакви забуни. Јас само сакав да се подобри текстот на законот и доколку навистина се прифатат овие работи за кои што зборував, а се работи за работи кои што можат само да ја подобрат изборната процедура и да ги отстранат сите сомнежи кои што би можеле

да се предизвикаат со оглед на недобро утврдените одредби на овој закон. Јас би го повикал министерот ако може како Влада, како предлагач да го постави тој како амандман за да може да биде составен дел на законот. А овој амандман за кој што сега разговараме, а кој што се однесува на точката 11 каде што се зборува за ингеренциите на општинските изборни комисии каде што предлагам наместо предложеното општинската изборна комисија да ги сумира резултатите на листите на кандидати и целокупниот изборен материјал го доставува до ДИК, да стои, да ги собира записниците и целокупниот изборен материјал од избирачките одбори и ги доставува до ДИК која на овој начин ќе ги сумира вкупните резултати од гласањата по избирачките места и согласно записниците за извршеното гласање. Значи, ова е во склад со она што претходно беше кажано и доколку се усвои овој амандман може да се усогласи со оној амандман за кој што зборуваше и самиот министер. Уште еднаш апелирам, немојте да се однесуваме со игнорација кон предлозите кои што доаѓаат од опозицијата и да не создаваме простор за сомнеж, затоа што навистина на овој начин се остава впечаток дека Владата сама го направила законот, а ниедна наша забелешка не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, дали можам да предложам пауза од 15 минути за да се договорите некој амандман да поднесе Владата. Значи, нема потреба од пауза.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Претседателе, сметам дека нема потреба. Така налагаат процедурите во Собранието. Тој амандман не беше изгласан и помина. За амандманот 8 исто така се произнесовме дека не го прифаќаме и тоа е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го ставам амандманот на гласање и ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 73 пратеници, 12 гласале за амандманот, 3 воздржани, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе на Собрание, без право на одлучување, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер,

Денес на дневен ред ни е со единствена точка на оваа седница Предлогот за донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија , со Предлог на закон.

За волја на вистината овој предлог за донесување на закон верувам дека на сите пратеници им беше доставен во доцните вечерни часови и незнам колку од пратениците успеаа навистина да го разгледаат и да направат соодветна анализа на овој предлог за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател. Ние како ВМРО ДПМНЕ како пратеничка група ја потврдивме итноста на постапката за донесување на овој предлог на закон измени и дополнувања на Законот за избор на претседател на Република Македонија со оглед на фактот дека во постојниот закон за избор на претседател не е имплементирана, или не е доискажана одредбата од член 81 од Уставот на Република Македонија став 8 кога функцијата на претседател престанува од било кои причини и изборот на нов претседател се врши во рок од 40 дена. Значи, ние гласавме за итноста за изменување и дополнување на овој закон, меѓутоа, како што можевте да видите од самите амандмани кои беа поднесени од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ние не се согласуваме со одредени одредби од овој закон, или предлози како што се наведени во самиот предлог за измени и дополнување на Законот.

Прво, би сакала само да потсетам дека сите ја знаеме причината за оваа итна постапка за овој закон и ако веќе се работи за итна постапка заради ситуација која не е предвидена во ниеден закон, предвидена е со Уставот, меѓутоа, не операционализирана во законот и ако таа ситуација не само што не е предвидена, туку е сосема нова ситуација пожелно беше претставниците на Владата или Владата да направат определен консензус со опозицијата токму заради оваа новонастаната ситуација, а во однос на идните решенија на Законот за избор на претседател токму во овој дел. Меѓутоа, за оние кои не знаат би сакала да кажам дека “консензусот” е постигнат со тоа што на опозицијата и е само кажано дека предлог за претседател на ДИК ќе биде соодветна личност и тука завршува консензусот кој требаше да постои токму заради оваа специфична ситуација во која се наоѓа Република Македонија.

Во однос на текстот на законот, затоа што пртседателот на Собрание, без право на одлучување, ќе ме опомене сигурно да се вратам на текстот на Предлогот

на законот. Ќе кажам само дека ваквиот предлог претставува една мешаница, или микс на одредби од Законот за избор на пратеници, од Законот за избирачки список и од Законот за избирачки места. Меѓутоа, колку тој микс е успешен ќе покаже времето и изборите кои идат, затоа што навистина незнам по кои критериуми Министерството за правда успеа да извади определени одредби од Законот за избор на пратеници, и истите тие одредби се разбира со скратени рокови заради 40-те дена да ги вметне во овој предлог за донесување на закон иако определени одредби како што е на пример, тоа го кажав и на Законодавно=правната комисија определени одредби од овој предлог како што е за заштита на избирачкото право или член 10 и, е потполно ист со членот 105 од Законот за избор на пратеници, а сепак е отргнат од тој текст и е ставен како предлог во овој текст. А знаеме, или треба да знаеме дека во член 2, од Законот за избор на претседател стои дека за изборот на претседател на Република Македонија соодветно се применуваат одредбите од Законот со кои се утврдува постапката за избор на пратеници, доколку со овој закон не е поинаку определено. Значи, одредбите и за гласачко ливче и за заштита на избирачко право и за одлучување по приговорите само со скратени рокови се превземени од Законот за избор на пратеници. Меѓутоа, навистина ме чуди фактот зошто токму тие и по кој критериум токму тие членови се извлечени од Законот за избор на пратеници и се ставени, вметнати во овој Предлог за донесување на Закон.

Во однос на членот 10-б, дури имаме и половина одредба од ставот 1 на овој член, или единствениот став, половина одредба собирањето на потписи е земено од Законот за избор на пратеници, а останатијот дел, јавниот увид во избирачкиот список е земен од Законот за избирачки списоци. Кога веќе се наоѓаме кај оваа одредба и со оглед на тоа дека амандманите не беа прифатени од страна на министерот за правда, повторно сакам да потенцирам. Министерот рече дека имаме техничко скратување на роковите токму заради спазување на 40-дневната процедура за избор на претседател. Меѓутоа, уште еднаш ќе потенцирам, зошто рокот за собирање на потписи и јавниот увид во избирачкиот список да биде поголем од рокот потребен за изборна кампања на самиот кандидат. Затоа што велиме дека 10 илјади потписи треба да собере доколку се работи за независен кандидат. Тој определен дел, или половина од делот на предвидените 40-дена ќе го помине во собирање на потписи, а само мал дел, или половина што секако е малку за независен кандидат, ќе може на граѓаните да им ја презентира неговата изборна

кампања, за да може на крај граѓаните да го дадат својот глас за него. Навистина незнам зошто се оди на техничко скратување на роковите, меѓутоа,  на изборната кампања,  а собирањето на потписи јас знам дека уставно загарантирано право е на секој граѓанин да му се овозможи да го даде својот потпис за определен кандидат и да си изврши увид во јавниот  список, во избирачкиот список. Меѓутоа, не можам да ја разберам логиката зошто изборната кампања, рокот за изборна кампања да биде помал во однос на овој рок.

Со министерот имавме преескa полемика за време на седницата на Законодавно-правната комисија, затоа што еден од колегите имаше предлог да се продолжи работното време на надлежниот орган кој ги дава потписите, кај кого се собираат потписите и министерот ме упати на одредбата  од Законот за постапка за собирање на потписи на избирачи за предлагање и за донесување на закон за распишување на референдум и за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија член 7 став 4. Колегата Ефтим Манев имаше предлог да се продолжи рокот работното време на подрачните единици од 8 часот до 20 часот/. Меѓутоа, министерот не упати токму на оваа одредба во која ќе ви ја цитирам се вели: Во рокот за собирање на потписи Министерството за правда ќе обезбеди работа на органите од  ставот 1 на овој член во време од 7 до 15,00 часот секој работен ден, вклучувајќи ги и саботите при што за еден од работните денови ќе се обезбеди и попладневна работа од 16 до 20 часот. Оваа одредба е добра доколку се работи за редовен вид на избори, или редовно собирање на потписи. Меѓутоа, мораме да се потсетиме на фактот дека ние овде имаме предвремени претседателски избори, со тоа значи дека роковите мораат да бидат и скратени, меѓутоа, не скратени таму каде што не треба да бидат скратени. Така што сметам дека Министерството за правда направи грешка што саботите да, еден работен ден, да, меѓутоа, зборуваме за време од 40 дена каде што се врши кампањата. Значи, не може оваа одредба да се применува во вонредни, или предвремени претседателски избори.

Имавме и еден амандман кој исто така не беше прифатен од министерот, за мирување на функцијата избран и именуван функционер, до колку е утврден како кандидат, за време додека трае, затоа што сите се свесни за шпекулациите кои се јавуваат во јавноста, за тоа кој би бил можен кандидат од страна на позицијата за претседател, а знаејќи ја функцијата која ја извршува соодветната личност, во овој момент, навистина е непримерно, со оглед на ингеренциите и надлежностите кои се

имаат, да не дојде до употреба, не сакам да го употребам терминот злоупотреба, меѓутоа употреба на функцијата која ја врши, а истовремено е утврден како кандидат за претседател на Република Македонија . Сметам дека и овој амандман требаше да биде прифатен, до колку сакаме и се надеваме , сите , за реални , објективни и фер избори. Меѓутоа, не најдов одредба во овој Предлог, покрај сите други одредби кои се наведени, не најдов одредба за начинот на гласање на внатрешно раселените лица. Согласно член 126 од Законот за избор на пратеници на Република Македонија , став 1 , се вели : -" на наредните избори за пратеници во Собранието, внатрешно раселените лица во земјата ќе гласаат според правилата утврдени во член 86 од овој Закон"  Членот 86 вели "Избирачите кои на денот на гласањето не се во местото на своето живеалиште, поради отслужување на воениот рок, или се на воена вежба, гласаат во воената единица, организацијата, установата или единицата". Оваа одредба се однесува на редовните или избор на пратеници во Собранието на Република Македонија . Меѓутоа, Министерството за правда, како предлагач на овој закон, требало да гиземе предвид и внатрешно раселените лица, со оглед на фактот дека  на нив, на овој начин им е ускратено правото да гласаат за претседател на Република Македонија , а знаеме дека бројот на внатрешно раселените лица, сепак не е мал број. Меѓутоа, за жал, не се предвидени со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија

Она што за крај би сакала да го кажам е дека Министерството за правда или Владата на Република Македонија, сакале да направат соодветен закон и да го усогласат со уставната одредба од член 81 став 8 од овој Закон, меѓутоа, дали поради немање на време, или немање на соодветни стручни консултации, не успеале до крај да го изведат она што имале намера да го направат, или пак тоа може да се толкува и обратно, дека овој Предлог е направен токму така за , како така да поминат овие предвремени избори за претседател на Република Македонија, но верувајте дека ќе остане сомнеж за фер демократски спроведени избори за претседател на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа Којзеклиска.

Јас ве информирав дека од први март седниците ќе бидат од 10,00 до 17,00 часот. Бидејќи има пријавени дискутанти, а јас не знам колку ќе се пријават, јас му предлагам на Собранието да продолжиме со работа и после 17,00 часот.

Овој предлог го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеници, 52 гласале за предлогот, воздржани нема и тројца гласале против.

Ги молам службите да го утврдат точниот борј на присутни пратеници во салата .

Во салата , во моментот на гласањето, беа присутни 64 пратеници.

Одлуката е прифатена.

Има збор г. Џезаир Шаќири:

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Не сакам да се вклучам во расправа по однос на Предлог амандманите, но сакам да кажам неколку збора од името на мојата партија, бидејќи единствен претставник сум овде во Парламентот. Имено ние нема да гласаме за овој закон бидејќи сметаме дека е протиуставен. Зошто?

Имајќи предвид дека, речиси две години како се оддолжува донесувањето на законот за употреба на јазиците, од страна на коалицијата  и секогаш кога се гласа за еден ваков закон, со политички договор на партнерите од коалицијата, останува на страна албанскиот јазик.

Во Охридскиот договор, во Уставот на Република Македонија, сме кажале дека 20% каде што сме ние албанците, но не сме само 20 туку 25,6% и затоа нема да гласам за овој закон, бидејќи секогаш се донесуваат вакви закони, предложени од партнерите во коалицијата, што мислам дека е противуставно. Жал ми е што во овој случај, со донесувањето на овој закон кој е предложен, за забрзување на овој закон од страна на Владата од причина што е позната, смртта на претседателот Трајковски, но утре можеби ќе ни се случи нешто друго, па нема причина да не се гласа за законот за упторебa на албанскиот јазик, во овој парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам да кажам неколку збора во врска со донесувањето на овој закон. На дневен ред го имаме законот за измена и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија . Причините за донесувањето на овој закон се неспорни и за нас како политичка партија и како пратеничка група.

Имено, првата причина е поради усогласувањето на овој закон со одредбите на Уставот, во делот кога настанува престанок на мандатот на претседателот и новиот претседател треба да биде избран во рок од 40 дена. Значи се работи за термински усогласувања и тука не е спорно.

Втората причина, исто така не е спорна. Имено тоа е усогласувањето на овој закон со Законот за избор на пратеници кој беше донесен 2002 година и каде, покрај другото имаше и регионални изборни комисии. Така да норамлно е да има измени во овие два дела. Меѓутоа, она што нас како пратеничка група и како партија особено не загрижува е тоа што Владата постојано нагласуваше дека при донесувањето на овој закон , одкако почнаа консултациите, ќе бидат консултирани сите политички партии и ќе се тежи законот да биде донесен со консензус, дури се одржаа и прелиминарни разговори со некои политички партии и сето тоа даваше надеж дека изборите кои  треба да се одржат од прилика за 40 дена, ќе бидат фер и реални избори. Но, што се случи. И покрај сите заложби излрзе дека овие заложби на Владата на Република Македонија се само декларативни, барем што се однесува до однесувањето со ВМРО-ДПМНЕ. Имено, ние како политичка партија, иако дававме наши забелешки по овој закон, уште пред парламентарната седница, тие забелешки воопшто не беа прифатеин. Значи, не бевме во состојба заеднички да изнајдеме решение, со што ќе донесеме закон кој ќе биде донесен со консензус во Парламентот на Република Македонија . Ваквиот начин на работа, ваквото однесување на Владата на Република Македонија, сметам дека дава основа за сомневање, дека изборите ќе бидат фер и непристрасни избори.

Ние, впрочем поднесовме и 8 амандмани од кои ниту еден не беше прифатен. Сето тоа набрзинас беше донесувано овде, дури некои амандмани дополнително се разгледуваа, и самиот министер кажа дека во цела оваа временска гужва , немораше да се  брза, вечерва можевме да го донесеме овој закон, дека можеби еден од амандманите и ќе беше прифатен. Мислам многу се брза, непотребно многу се брза, бидејќи се работи за часови, не се работи за денови.

Во нашите измени, со сите амандмани што ги поднесовме, практично баравме само временските интервали или рокови да се скратат , на одредени изборни активности, иако само една од измените беше суштинска, онаа измена што баравме изборниот материјал од општинската изборна комисија да се префрли на Републичката изборна комисија, бидејќи сметавме дека најголемите можности за манипулации се токму во општинските изборни комисии, бидејќи тие ги прават овие

прегледи и ги доставуваат до ДИК, а таа врз основа на тие прегледи го сумира само Прегледот за цела држава.

Со ваквото однесување на Владата, востилот, ние сме на власт, ние ги правиме правилата на игра, пак ќе повторам, не е добро. Забораваме дека и оваа позиција во 2002 година беше опозиција, и тогаш го носевме Законот за избор на пратеници за кој имавме долги дискусии, бевме приморани дури три дена , со заеднички договор, да ја прекинеме седницата за неколку дена со цел да се усогласиме и после тоа во продолжението законот да биде донесен со консензус. Сметам дека нешто слично требаше да се направи и овде, иумаше разбирање и желба од сите политички партии. Зошто тоа не се случи, незнам. Меѓутоа на овој начин праќаме една многу лоша порака до граѓаните на Република Македонија . Така да, ако опозицијата се сомнева дека со овој закон позицијата се обидува да намести нешто во изборите, сметам дека е многу лошо. Поради тоа сметам дека требаше да се направи малку повеќе напор. Исто така и при именувањето на претседателот на ДИК, ВМРО беше повикана само да и се соппшти кој ќе биде. Меѓутоа, сепак, вие сте на власт, тоа е ваше право. Меѓутоа, не е добро.

Врз основа на сето тоа што го кажав ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ нема да ги поддржиме овие измени на законот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател и сметаме дека Владата прави обид изборите да не бидат фер.

(реакција на претениците од позицијата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам да си го задржиме достоинството.

Повелете г. Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека ова нема да биде добро за Република Македонија . Сигурно ќе го наруши нејзиниот кредибилитет и углед како држава. Поради тоа сметам дека ние како пратеничка група нетреба да го подржиме овој предлог на закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски

Реплика има г. Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, би сакал да реплицирам во интерес на јавноста и вистината .

Прво, да протестирам за начинот на кој дискутираше координаторот на ВМРО-ДПМНЕ. Да го потсетам дека кампањата ќе започне некаде околу 29 март, да си ги сочува овие говори, ако мисли да ги каже тогаш. А тоа што е свесен за поразот што ќе го чека на 14 април, тоа е негово право.

Инаку во интерес на јавноста да кажам исто така дека работна верзија од овој материјал беше доставен до ВМРО-ДПМНЕ, се со цел да се покаже заложба и од страна на парламентарното мнозинство и на Владата, интерес, овој закон да се донесе со консензус.

Во својата контрадикторна дискусија, само ќе се навратам на една работа, зарем скратувањето на рокот за собирање на потписи, води кон по фер демократски избори, испаѓа, со заложбата на ВМРО-ДПМНЕ. Среќа, граѓаните на ВМРО-ДПМНЕ се многу посвесни од некои политичари и политички партии во Македонија. Тие знаат да одберат што е добро, што е лошо, знаат што е конструктивно а што е деструктивно и ќе излезат на избори и нема потреба од сега да се најавува кој ќе победи. Тие тоа ќе го направат со својот глас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски повелете една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г. Макрадули што ни го соопшти денот на изборите, 14 април, не знам од каде го знаете. Тоа е ваше право, како позиција. Важно го објавивте, го ставивте во сенка и претседателот.

Она што се однесува до работната верзија, јас кажав дека ние дадовме забелешки по однос на таа верзија, меѓутоа ништо не беше прифатено од тоа, значи не беше разговарање туку на некој начин беше само еднострана преписка. А благодариме и за навредата, во смисла на тоа дали сме ние свесни или несвесни. Тоа г. Макрадули е во ваш стил и немам намера да возвраќам со иста мерка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 74 пратеници, 65 гласале за закнот, тројца воздржани и шест против предлогот на законот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија .

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 56 седница на Собранието на Република Македонија .

Седницата заврши во 17,00 часот.